Бр. 02 - 100/2
22.1.2021 год.
Скопје

Врз основа на член 103, став 1, алинеја 8 Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018) и член 208, став 1, алинеја 18 Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019), Ректорската управа на 256. седницата одржана на 22.1.2021 година, донесе

**ПРАВИЛА**
**за начинот и постапката за подобрување на видливоста и препознатливоста на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**

## I. Предмет на уредување

**Член 1**

Со овие Правила се уредува начинот и постапката за подобрување на видливоста и препознатливоста на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (во натамошниот текст: Универзитетот) во глобалниот високообразовен и научноистражувачки простор.

## II. Начин за подобрување на видливоста и препознатливоста

**Член 2**

Препознатливоста и видливоста на Универзитетот се состојат од унифицирано користење на:

- припадноста (афилијација);
- службените адреси за електронска пошта;
- мрежи и пребарувачи за научни истражувања и публикации;
- социјалните мрежи;
- интернет домени.

Покрај активностите од став 1, ќе се превземат и други активности насочени кон обезбедување видливост на единиците.

***Припадност (афилијација)***

**Член 3**

Во вкупните активности поврзани со наставната, научноистражувачката, применувачката, како и сите останати дејности од членовите 31 и 32 од Статутот на Универзитетот задолжително се применува називот утврден со член 99 од Статутот на Универзитетот: **Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, (Назив на единицата на македонски јазик)**. При употреба на англискиот јазик: **Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, (Назив на единицата на англиски јазик)**.

Афилијацијата од став 1 на овој член ја применуваат единиците и вработените на Универзитетот.

***Службени адреси за електронска пошта***

**Член 4**

Во вкупните активности поврзани со наставната, научноистражувачката, применувачката, како и сите останати дејности од членовите 31 и 32 од Статутот на Универзитетот задолжително се користат службени адреси за електронска пошта во облик korisnik@edinica.ukim.edu.mk.

Службената електронска адреса задолжително се користи особено при публикување на резултати од научноистражувачката, применувачката и уметничката дејност од страна на наставниот кадар на Универзитетот.

***Мрежи и пребарувачи за научни истражувања и публикации***

**Член 5**

Од страна на наставниот кадар на Универзитетот задолжително да се отворат кориснички профили на следните мрежи и пребарувачи за научни истражувања и публикации: Google Scholar, ResearchGate.net и ORCID.

***Социјални мрежи***

**Член 6**

Преку унифициран профил да се интензивира присуство на Универзитетот на социјалните мрежи (Facebook, Twitter, Instagram, YouTube канал и други), како и преку задолжително линкување со официјалната веб страница на Универзитетот (на македонски јазик и на англиски јазик).

***Интернет домен***

**Член 7**

Задолжително да се изврши синхронизација на двата постоечки интернет домени ukim.edu.mk и ukim.mk на Универзитетот и единиците во негов состав.

***Видливост на единиците***

**Член 8**

Видливоста на единиците во состав на Универзитетот да се овозможи преку синхронизација со веб страницата на Универзитетот, како и на нивните профили на социјалните мрежи.

## III. Постапка за подобрување на видливоста и препознатливоста

**Член 9**

Подобрувањето на препознатливоста и видливоста на Универзитетот ќе се реализира согласно со Акционен план на активности и индикатори наведени во Табелата 1 која е во прилог на овие Правила.

За начинот реализацијата на активностите од член 2, точките 4, 5 и 6 од овие Правила, врз основа на изготвени детални анализи ќе се донесе дополнителна одлука.

Се задолжуваат деканите на факултетите и директорите на институтите да ги реализираат овие Правила најдоцна до 31 мај 2021 година и да доставаат извештаи за спроведените активности најдоцна до 15 јуни 2021 година.

## IV. Завршни одредби

**Член 10**

Овие Правила влегуваат во сила со денот на објавувањето во Универзитетскиот гласник.

Ректор

Проф. д-р Никола Јанкуловски

**Табела 1**

**Акционен план**
**на активности и индикатори**

| Бр. | Активност | Индикатор: |
|---|---|---|
| 1 | **А1**: Донесување правен акт за примена на припадноста на наставно-научниот кадар на униформен начин | **И1**: Број на резултати кои се појавуваат кога на Google Scholar во делот за „Articles" ќе се пребара афилијацијата на УКИМ во точниот редослед на зборовите „Ss. Cyril and Methodius University in Skopje",<br>**Сегашна состојба:** 4.12.2020 = 8930<br>**Очекуван прогрес:** Број на резултати поголем од 10000, очекувано јуни 2021.<br>Индикаторот го следи **Компјутерски центар на УКИМ**, еднаш месечно |
| 2 | **А2**: Донесување правен акт за задолжително отворање на профили на наставно-научниот кадар на **Google Scholars** | **И2**: Број на резултати кои се појавуваат кога на Google Scholar во делот за „Profiles" ќе се пребара афилијацијата на УКИМ во точниот редослед на зборовите „Ss. Cyril and Methodius University in Skopje",<br>**Сегашна состојба:** 4.12.2020 = 28<br>**Очекуван прогрес**: Започнување веднаш, број на резултати поголем од 800, во јуни 2021.<br>Индикаторот го следи **Компјутерски центар на УКИМ**, еднаш месечно |
| 3 | **А3**: Донесување правен акт за задолжителна примена на е-маил адреса со наставка ukim.edu.mk за сите вработени на УКИМ | **И3**: Број на резултати кои се појавуваат кога на Google Scholar во деловите за „Profiles" и „Articles" ќе се пребара "ukim.edu.mk"<br>**Сегашна состојба „Profiles":** 4.12.2020 = 173<br>**Сегашна состојба „Articles":** 4.12.2020 = 7520<br>**Очекуван прогрес**: Започнување веднаш, број на резултати за „Profiles" поголем од 800, во јуни 2021 и постепено зголемување на бројот на трудови, со динамика од најмалку 500 годишно.<br>Индикаторот го следи **Компјутерски центар на УКИМ**, еднаш месечно |
| 4 | **А4**: Донесување правен акт за отворање на профили за сите вработени на УКИМ на **ORCID** | **И4**: Бројот на истражувачи регистрирани на ORCID со припадност "Ss. Cyril and Methodius University in Skopje".<br>**Индикатори и сегашна состојба:**<br>**Број на членови:** 77<br>**Очекуван прогрес:** Започнување веднаш, покачување на бројот на регистрирани истражувачи на повеќе од 500 до јуни 2021 година.<br>Индикаторот го следи **Компјутерски центар на УКИМ**, еднаш месечно |
| 5 | **А5**: Донесување правен акт за отворање на профили за сите вработени на УКИМ на **Research Gate.net** | **И5**: Број на профили на Researchgate.net, каде веќе постои профил на УКИМ, под име: Ss. Cyril and Methodius University.<br>**Индикатори и сегашна состојба:**<br>**Број на членови:** 1898 |



hl

| | | |
|---|---|---|
| | | **Број на трудови:** 6672<br>**Број на РГ поени:** 10011,43<br>**Очекуван прогрес:** покачување на вредностите за најмалку 30% до јуни 2021 година,<br>Индикаторот го следи **Компјутерски центар на УКИМ,** еднаш месечно |
| 6 | **А6**: Подобрување на англиските верзии на Интернет страниците на единиците | **И6:** *(дополнително ќе се утврди од анализите)*<br>Доставен извештај<br>Единиците на УКИМ известуваат за извршените промени најдоцна до Април, 2021 |
| 7 | **А7:** Анализа за присуството на УКИМ во интернет просторот, веб страницата на УКИМ и единиците, профилите на социјалните мрежи, синхронизација на двата постоечки интернет домени ukim.edu.mk и ukim.mk и предлог мерки за подобрување | **И7:** *(дополнително ќе се утврди од анализите)*<br>Изработена анализа и предлог на мерки за подобрување, со јасно специфицирани акции и извршители<br>**Алатка:** Проект финансиран од средствата за информатички активности<br>**Рок:** Октомври 2021. |
| 8 | **А8:** Анализа за видливоста на единиците во состав на Универзитетот преку синхронизација со веб страницата на Универзитетот | **И8:** *(дополнително ќе се утврди од анализите)*<br>Изработена анализа и предлог на мерки за подобрување, со јасно специфицирани акции и извршители<br>**Алатка:** Проект финансиран од средствата за информатички активности<br>**Рок:** Октомври 2021. |

| | |
|---|---|
| Активности за подолг рок: | - Отворање на активности околу модернизација на веб страниците на УКИМ и единиците;<br>- Промени на Репозиториумот на УКИМ за да стане поприфатлив за наставно-научниот кадар и поедноставен за пополнување, како и додавањето на трудовите со соодветна афилација;<br>- Отворање на прозорците на мобилност со воведување на предмети и студиски програми на англиски јазик на сите единици на УКИМ;<br>- Создавање на неопходните бази на податоци и индикатори за активностите на единиците на УКИМ;<br>- Подобрување на пристапот до базите на научноистражувачка литература,<br>- Изготвување на решение за унифицирано брендирање на УКИМ и единиците;<br>- Разгледување на потреба за изготвување на Правилник за интернационализацијата; како и<br>- други активности според Стратегијата и Акцискиот план на УКИМ, како и програмата за работа на Ректорот. |
| Очекувани ефекти: | Врз основа на почетните активности се очекуваат позитивни ефекти во краткорочен период. |



Rh

| | |
|---|---|
| | Првите видливи резултати се очекуваат за два до три месеци, но особено е важно мерките да се спроведат брзо и ефикасно од сите вработени на Универзитетот.<br>Еден од очекуваните резултати е покачување на рејтингот на УКИМ на ранг листата на **Webometrics** за рангирање на Универзитетите, од сегашното 1556 место за најмалку 100 места. |

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

За остварување на приоритетната цел за **интернационализација** на Универзитетот, утврдена во Стратегијата на Универзитетот, Акциониот план за реализација на Стратегијата на Универзитетот и Програмата на ректорот, неопходно е да се спроведат подготвителни активности за зголемување на препознатливост и видливост на Универзитетот во интернет просторот.

Подобрената видливост и препознатливост на Универзитетот е со цел да има влијание врз местото на Универзитетот при **рангирањето** на ранг-листите на Универзитетите на глобално, регионално и национално ниво.

Во насока на подобрувањето на препознатливоста и видливоста на Универзитетот неопходно е унифицирано користење на припадноста (афилијација), службените адреси за електронска пошта, мрежи и пребарувачи за научни истражувања и публикации, социјалните мрежи, синхронизација на интернет домените и обезбедување видливост на единиците.

Преку отворање на кориснички профили на мрежите и пребарувачите за научни истражувања и публикации како што се: Google Scholar, ResearchGate.net, ORCID, покрај влијанието за научните работници, ќе се овозможи подобра видливост на Универзитетот бидејќи често се користат како извори од организациите кои ги подготвуваат листите за рангирање на универзитетите.

За реализацијата на активностите се предлага Акционен план на активности и индикатори.

Врз основа на изготвени детални анализи за некои активности ќе се одлучи дополнително.

Со реализација на почетните активности се очекуваат позитивни ефекти во краткорочен период, за што особено е важно мерките да се спроведат брзо и ефикасно од сите вработени на Универзитетот.

Rli